# Родовата (не)рамноправност во спортот во општина Струмица



CRPM Center for Research and Policy Making
. . . policy impact since 2004

UN WOMEN

# Родовата (не)рамноправност во спортот во општина Струмица

**Автор:**
Ленче Христова, Марија Танушева

**Ментори:**
Златко Симоновски, Марија Ристеска, Ристе Јурковски

**Партнерска организација:**
Организација на жени од Струмица

Публикацијата „Родовата (не)рамноправност во спортот во општина Струмица„ е подготвена од Организација на жени Струмица со менторска поддршка од Центар за истражување и креирање политики во рамките на проектот на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, со финансиска поддршка од Швајцарија и Шведска.

Мислењата и ставовите изразени во оваа публикација се мислења и ставови на авторите и нужно не ги претставуваат мислењата и ставовите на UN Women, Обединетите нации или на другите придружни организации.

Активноста ја спроведува Центарот за истражување и креирање политики Консалтинг – ЦИКП Консалтинг ДОО Скопје и партнерските организации.

## ВОВЕД И КЛУЧНИ НАОДИ

Податоците од спроведениот попис во 2021 година покажуваат дека во последните две децении бројот на жители во општина Струмица е намален за 4.681 лица (8,56%), од кои 2.042 се жени и 2.639 се мажи. Од вкупниот број на население кое живее на територијата на општина Струмица (49.995 граѓани), 24.701 се мажи и 25.294 се жени. Според податоците на АВРМ објавени во април 2022 , од 5.208 невработени лица 48,8% се мажи и 51,2% невработени лица се жени.
Иако процентуалното учество на жените и на мажите во вкупното население во општина Струмица е речиси подеднакво, родовата нееднаквост особено се отсликува во полето на одлучување и влијание.

- Процентуалната застапеност на жените во Советот на општина Струмица изнесува 39% наспроти 61% мажи, а само три жени раководат со комисиите (10 постојани)во рамки на Советот на општината.

- Ваквиот родов јаз е најизразен во полето на спортот, кој се уште се смета дека им припаѓа на мажите. Позициите на одлучување во областа на спортот се „резервирани" за мажите – челните позиции на Комисијата за спорт во рамки на Советот на општина Струмица и на Комисијата за спроведување на јавниот повик на општина Струмица за поддршка на спортски здруженија и други правни лица во областа на спортот, во рамки на програмата за спорт (ЛО) 2022 година им припаѓаат на мажите.

- Родовата нееднаквост во областа на спортот е изразена и во поделбата на машки и женски спортови, во бројноста на машки наспроти женски клубови, начинот на известување на медиумите (физичкиот изглед наспроти успесите и наградите), достапноста до ресурси, пристап до спонзорства итн.

Сите овие фактори, како и постоечките стереотипи и предрасуди за улогата на жената во заедницата, ја зголемуваат родовата дискриминација во спортот. Токму затоа, оваа анализа ја таргетира родовата димензија на Програмата за спорт и рекреација на општина Струмица (ЛО), односно на алокацијата и распределбата на финансиските средства наменети за поддршка на спортски здруженија и други правни лица во 2022 година – Категорија 46, буџетска ставка 463 – Трансфер до невладини организации. Поконкретно, дали алоцираните буџетски средства подеднакво ги земаат предвид и одговараат на потребите и приоритетите и на жените и на мажите и дали со начинот на распределба на истите се влијае врз намалување на родовата нееднкавост во областа на спортот.

https://e-rabota.av.gov.mk/PublicReports/PublicReports.aspx

## ЦЕЛ И МЕТОДОЛОГИЈА НА ЕВАЛУАЦИЈА

Користејќи го методолошкиот пристап на родово одговорно буџетирање, се анализираше родовата димензија на поддршката на општина Струмица на спортски здруженија и останати правни лица во областа на спортот во 2022 година, во рамки на буџетската Програма за спорт и рекреација за 2022 (ЛО), со цел да се утврди дали истата придонесува кон намалување на родовата нееднаквост во спортот. Поконкретно, дали во процесите на алокација и спроведување на буџетската програма подеднакво се земени предвид потребите и приоритетите и на жените и на мажите и дали подеднаква корист од спроведувањето на истата имале и мажите и жените. Анализата се заснова на квантитативно и квалитативно истражување, преку користење на различни методи и релевантни извори на информации:

**Кабинетско истражување и анализа** на програми и политики на општина Струмица кои се однесуваат на родовата рамноправност, со акцент на еднаквоста на мажите и жените во областа на спортот;

**Квантитативно истражување** -до општина Струмица беа доставени барања за пристап до информацииод јавен карактер, со цел да се изврши родово разделена статистика за број на поддржани индивидуални спортистки и спортисти, број на пристигнати и поддржани апликации по објавениот јавен повик за финансиска поддршка на спортски здруженија и други правни лица во областа на спортот во 2022 година, податоци за родовата структура на Комисијата за спроведување на јавниот повик, за управувачката структура на поддржаните спортски здруженија и клубови, како и за соодносот на доделените средства.

**Квалитативно истражување** - за утврдување на влијанието на програмата врз крајните корисници, преку интервјуа/разговори со корисници на буџетските средства од Програмата за спорт и рекреација во 2022 година.
Во текот на анализата беше извршена евалуација и прибирање на податоци од секундарни извори на информации, како Државниот завод за статистика и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за млади и спорт и спортски федерации. Користени се и извештаи и практики на меѓународни организации.

## ОПИС НА КОНКРЕТНАТА ПОЛИТИКА КОЈА СЕ АНАЛИЗИРА ВО КОНТЕКСТ НА РОБ

**Извештајот е фокусиран на анализа на родовата компонента, буџетските алокации и спроведувањето нафинансиската поддршка од буџетот на општина Струмица на спортските здруженија и останатите правни лица, во рамки на Програмата за спорт и рекреација (ЛО)за 2022 година.**
Советот на општина Струмица на 28.12.2021 година ја има донесено Програмата на општина Струмица за активностите во областа на спорт и млади во 2022 година [2], чии што цели и активности се насочени кон создавање на услови за поквалитетни натпреварувања на спортските клубови, поттикнување на спортот кај младите заради подобрување на нивниот психо-физички

[2]Сл.гласник на општина Струмица бр.27

развој, организирање на спортски манифестации, создавање услови за спортско рекративни услови на граѓаните, поддршка на спортски здруженија итн[2].
Средствата се распоредени за:

- Спорт и рекреација (ЛО), во висина од 12.000.000 денари и
- Изградба и одржување на спортски терени (ЛАА), во износ од 10.000.000 денари.

Средствата во рамки на Програмата ЛО се за поддршка на спортски клубови, на тренери, за училишен спорт и др. (види табела бр.3).

**Табела 3** – Активности во рамки на Програмата ЛО за 2022

| Бр. | Назив на активноста |
|---|---|
| 1 | Јавен повик за спорт и дотација за спортски клубови |
| 2 | Организација на турнири |
| 3 | Јавен повик за тренери - дотација |
| 4 | Училишен спорт |
| 5 | Други барања од областа на спортот: настани, манифестации, патувања на екипи и поддршка за индивидуални спортисти |

Извор: Службен гласник на општина Струмица бр.27 од 30.12.2022

Генералниот заклучок од спроведената анализа е дека во Програмата на општина Струмица (ЛО) за поддршка на спортски здруженија и останати правни лица во областа на спортот за 2022 не е инкорпорирана родовата компонента и нема јасно дефинирани мерки за надминување на овој проблем. Оттука, целта на овој извештај е да понуди препораки за родово одговорно буџетирање во процесите на планирање и спроведување на програмата заради детектирање и задоволување на различните потреби, интереси и приоритети на мажите и жените.

## ОПФАТ , КОРИСНИЦИ, ЧИНИТЕЛИ

Главни корисници на мерките од Програмата ЛО – поддршка на спортски здруженија и други правни лица во 2022 година:

- 40 спортски здруженија и клубови, (19 машки, 6 женски и 15 мешани екипи)
- 2.920 спортисти и спортистки,
- Засегнати страни:

- Спортски клубови и здруженија кои делуваат на територијата на општина Струмица
- Индивидуални спортисти/ки
- Тренери/ки
- Претседатели/ки на спортски клубови и здруженија
- Основни и средни училишта
- Сите жени и мажи и девојчиња и момчиња кои живеат на територијата на општина Струмица

## БУЏЕТСКА АНАЛИЗА И ГЛАВНИ НАОДИ

Формулирањето на мерките и буџетските средства на програмата се родово неутрални и од спроведувањето на истата поголема корист имале мажите/момчињата отколку жените/девојчињата. Општина Струмица, преку оваа програма во 2022 година има поддржано вкупно 40 спортски здруженија и клубови: 19 машки, 6 женски и 15 мешани екипи (машки и женски) Најголема корист имаат припадниците на машкиот пол – 1.440. Вкупно 640 жени спортистки се поддржани со буџетски средства, а во рамки на мешаните екипи бројот изнесува 840 (50% жени и 50% мажи). Висината на доделените буџетски средства на сите екипи изнесува 10.300.000 денари, од кои 75,64% (7.791.668 денари) се доделени на машки екипи, 16,10% или 1.658.332 денари на женски и 850.000 денари (8,25%) на мешани екипи. Исто така, истражувањето покажа огромен родов јаз во органите на управување на клубовите кои имаат добиено финансиска поддршка од страна на општината, односно 37 мажи се претседатели и само 3 жени се претседателки на спортски клубови. Општина Струмица не врши редовни консултации со преставниците на спортските здруженија и останати клубови во оваа област во фазата на процесот на планирањето на програмата, со цел да се земат во предвид различните потреби на машките и женските спортисти и врз основа на тоа да бидат креирани мерки кои ќе доведат до намалување на родовата нееднкавост во спортот.

Општина Струмица секоја година подготвува, а Советот на општината ја усвојува Програмата за активностите во областа на спортот и младите. Истоимената програма е донесена од страна на Советот на 28.12.2022 година, а нејзини основни цели се:

- Остварување учество на општина Струмица во организрањето, одвивањето и збогатувањето на спортскиот живот во општината, во согласност со потребите и интересите на граѓаните;

- Афирмирање на општина Струмица како развиен спортски центар;

- Унапредување на условите и можностите за остварување на спортските активности на децата и младите, спортистите и на спортско-рекреативните активности на граѓаните;

- Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативни активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;

- Промовирање на можностите на општина Струмица да биде домаќин на одделни спортски манифестации од највисок ранг и поддржување на иницијативите што се преземаат на тој план;

- Создавање услови за настапи во земјата и странство на наши истакнати спортисти и млади спортски надежи, како и за гостување во општина Струмица на спортисти со постигнати врвни резултати во меѓународна конкуренција;

- Остварување и унапредување на меѓународната спортска соработка.

И покрај тоа што основните цели на Програмата на општина Струмица за активностите во областа на спортот и младите во 2022 се во насока на афирмирање, промовирање и унапредување на условите и можностите за спортски активности, истите се родово неутрални и не содржат елементи на поттикнување на родовата рамноправност во спортот.

Средствата од буџетот на општината за 2022, во износ од 22 милиони денари, се распределени за поттикнување, поддржување и помагање на активности од областа на спортот во две програми:

- **ЛО – Програма за спорт и рекреација: 12.000.000 денари;**
- **ЛАА – Изградба и одржување на спортски терени: 10.000.000 денари**

Активностите во рамки на Програмата за спорт и рекреација се насочени кон поддршка на спортски клубови и здруженија во областа на спортот, организирање на манифестации, настани, поддршка на индивидуални спортисти и на тренери итн.

**Од статистичките податоци за поддржаните спортски клубови и доделените средства од буџетот на општина Струмица преку Програмата ЛО може да се види дека општината не презема доволно мерки за поттикнување и поддршка на родовата еднаквост во спортот.**

Поголемиот дел од спортистките и спортистите – членови на спортски клубови, сметаат дека општината не е доволно инклузивна при креирањето на програмите во областа на спортот и во процесот на планирање на мерките и буџетските средства за поддршка на спортските здруженија и клубови. Според нив, општината треба да спроведува консултации барем еднаш во годината, со цел да ги слушне нивните потреби, приоритети и предлози, како и специфичните проблеми со кои се соочуваат женските спортски клубови и индивидуалните спортистки. За подобрување на моменталната состојба потребно се заеднички консултации со претставници на ЕЛС, бизнис заедницата и спортските клубови, со цел да се изнајде механизам за поттикнување на спонзорството во женскиот спорт.  Советникот за спорт и овластен инспектор за спорт во општина Струмица смета дека општината треба да предвиди мерки за поттикнување на бизнис секторот за поголемо вложување од нивна страна во спортот т.е. во спонзорирање на женските клубови. Според него, одреден дел од данокот на имот треба да се пренасочи во помош за женските клубови, како еден вид на афирмативна мерка. Ваква мерка за поттикнување на спонзорства од бизнис заедницата во областа на спортот (машки и женски зпортови), општината има воведено во

2008 година, но истата подоцна е укината.

Анализата покажа дека Програмата ЛО е родово неутрална, дека нема мерки кои ја поттикнуваат родовата рамноправност во областа на спортот, ниту мерки кои ги земаат предвид различните потреби, интереси и приоритети на спортистките и спортистите. Критериумите на јавниот повик за поддршка на спортски здруженија и клубови не содржат елементи на родова компонента. Најголема корист од доделените средства имаат машките спортисти.

## ДОБРИ ПРИМЕРИ, ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ПРАКТИКИ

**Во рамки на Олимпискиот комитет на Република Северна Македонија, формирана е Комисија за родова еднаквост во спортот (КРЕС), чии приоритети треба придонесат кон креирање на родови политики и родова стандардизација во спортските субјекти. Ваквата пракса може да се преслика и на локално ниво, преку формирање на комисии и/или работни тела во рамки на општинските совети. Ваквата комисија/тело, преку вклучување на сите засегнати страни, може да криера мерки во согласност со специфичните потреби, интереси и приоритети на спортистките и спортистите.**

Во 2009 година Шпанската федерација на општини и покраини има подготвено прирачник со цел да им помогне на локалните спортски тела да обрнат внимание на родовите прашања во областа на спортот. Во прирачникот се наведени примери на родова дискриминација во спортот на локално ниво, алатки за препознавање на такви случаи и совети за развој на локални политики за намалување на родовата нееднкавост во спортот. Иницијаторите верувале дека учеството на жените во спортот може да се зголеми преку обезбедување на недискриминаторни спортски простори, рамноправна распределба на ресурсите и со промотивни кампањи за вклучување на жените во раководните структури на локалните спортски тела.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

- Програмата на општина Струмица (ЛО) за поддршка на спортски здруженија и останати правни лица во областа на спортот за 2022 не содржи родовата компонента и нема јасно дефинирани мерки за намалување на родовата нееднаквост во спортот.

- Не се воспоставени родови индикатори за алоцирање и трошење на средствата, ниту пак за следење на влијанието од спроведувањето на програмата.

- Критериумите на јавниот повик за поддршка на спортски здруженија и останати правни лица во областа на спортот се премногу општи и не се родово сензитивни и не придонесуваат за поттикнување на родовата рамноправност.

- Најголем дел од корисниците на буџетските средства се машките спортисти (75.64%), што негативно влијае на економската состојба на жените во спортот.

- Женските и машките спортски клубови користат исти терени и сали за тренинзи. Општината ги нема земено во предвид специфичните потреби на жените и мажите.

- Соодносот во структурите на управување е несразмерен во корист на мажите (92% наспроти 8 %) и оваа појава го обесхрабрува и дестимулира кариерниот развој на жените.

- Ваквата состојба не придонесува за надминување на општествените стереотипи за тоа кои спортски активности се соодветни за жените, а кои за мажите, и влијае врз помалата застапеност на жените и девојките во сите спортски категории и во раководните структури во клубовите.

- Општината, како еден од клучните чинители за унапредување на родовата рамноправност во сите сфери на општественото живеење, неопхдно е да креира родово инклузивни политики кои ќе придонесат кон поттикнување, охрабрување и стимулирање на женскиот спорт.

Како организација која повеќе од триесет години работи во областа на родовата рамноправност, а имајќи ги во предвид и позитивните меѓународни практики, до носителите на одлуки во општина Струмица ги предлагаме следните препораки:

- Локалната самоуправа да спроведе консултативен процес пред креирањето на Програмата во областа на спортот во 2023 година, со цел да ги слушне и да ги земе предвид специфичните потреби на индивидуалните спортистки и спортисти, на женските и машките спортски клубови и во согласност со тоа да ја редефинира програмата. За ваквата интервенција не се потребни дополнителни средства, туку само правилна алокација на средствата врз основа на специфичните потреби на жените и мажите;

- Воведување на родово сензитивни критериуми во условите за пријавување на повикот за поддршка на спортските здруженија и клубови;

- Да се предвидат механизми за поттикнување на кариерниот развој на спортистките (на пример, субвенционирање на дел од средствата за лиценца за тренери и/или судијки);

- Воведување на механизам за поттикнување на бизнис заедницата за вложување – спонзорирање на женски клубови (пример, определен износ од данокот на имот да биде пренасочен во развој на женскиот спорт);

- Општината да обезбеди посебни спортски простори (терени) и соблекувални за женските спортски клубови;

- Спроведување на промотивна кампања за афирмација и стимулирање на женскиот спорт и за вклучување на жените во раководните структури на локалните спортски клубови;

- Да се намалат родовите стереотипи за типични машки и женски спортови уште во најмала возраст, преку спроведување на кампањи помеѓу учениците во училиштата на територијата на општина Струмица;

- Да се формира тело за родово одговорно буџетирање во областа на спортот, составено од претставници на ЕЛС на општина Струмица, граѓански организации и спортски клубови;

- Во Програмата во областа на спортот за 2023 година да се предвидат мерки за афирмација и поттикнување на женскиот спорт, со соодветна буџетска алокација и родови индикатори во сите фази на буџетскиот процес;

- Општината да воведе посебни буџетски родово сензитивни програми и мерки со кои ќе ја разграничи финансиската поддршка на спортски клубови од финансиската поддршка на здруженија на граѓани кои делуваат во областа на спортот.

## Литература:

Буџет на општина Струмица за 2022, Сл.Гласник бр.27 од 28.12.2022

Програма за унапредување на еднаквите можности во општина Струмица за 2022

Државен завод за статистика, Вкупно резидентно население во Република Северна Македонија по 5-годишни возрасни групи и по пол, по општини, Попис 2021

Агенција за вработување, невработеност според пол во април 2022